## ДИРЕКТОРОТ НА УПРАВАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИ ВО СТУДИСКА ПОСЕТА НА БРИТАНСКАТА СЛУЖБА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОСУДЕНИ ЛИЦА

Во рамките на проектот "Поддршка кон воспоставување на пробациска служба во македонскиот казнен систем", финансиски поддржан од Британската Амбасада во Скопје, во периодот од 14-18 ноември 2011 година, директорот на Управата за извршување на санкциите Лидија Гавриловска, претставници од Управата и од Центарот за човекови права и разрешување конфликти кој е локален имплементатор на Проектот, оствариjа студиска посета во Лондон, Велика Британија.

За време на престојот беа реализирани посети и остварени состаноци со релевантни претставници од Британската служба за управување со осудени лица, затворот во Винчестер, Магистратскиот суд во Вестминстер, народниот правобранител и други институции.

Студиската посета беше исклучително корисна за размена на искуства и добивање на јасна слика за организационата поставеност и надлежноста на пробациската служба во Велика Британија, улогите и одговорностите на персоналот кој работи во оваа служба, начинот на остварување на соработка на пробациската служба во Велика Британија со судовите и јавното обвинителство, што ќе помогне при идентификувањето на неопходните чекори за да се изгради ефикасен систем на пробациска служба прилагодени на барањата на Македонија.

Проектот "Поддршка кон воспоставување на пробациска служба во македонскиот казнен систем се реализира во периодот од јули 2011 до декември 2012 година и во негови рамки ќе бидат изработени Стратегија за развој на Пробациска служба во Република Македонија со Акционен план за спроведување, Анализа за трошоци и добивки од алтернативните мерки наспроти казната затвор и ќе биде спроведена консултација со сите релевантни фактори со цел усвојување на Стратегијата и Акциониот План.